ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД
Скопје

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 460 став 3 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/12, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018 и 120/2018) Собранието на акционери на својата 51 седница, одржана на ден 29.05.2019 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

**Член 1**

Се одобрува склучување и реализација на Договор за реосигурување General Quota Share Договор како зделка со заинтересирана страна на Триглав Осигурување АД, Скопје со Триглав Ре Љубљана како заинтересирана страна.

**Член 2**

Предметот на зделката од член 1 на оваа одлука е реосигурување на сите класи на осигурување во кои што Триглав Осигурување АД, Скопје има дозвола од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

Вредноста на Договорот за реосигурување General Quota Share Договор изнесува 115.000.000 денари.

Заинтересирана страна во зделката е Триглав Ре Љубљана.

**Член 3**

Се овластуваат и задолжуваат извршните директори да го склучат и реализираат Договорот за реосигурување General Quota Share Договор по донесување на оваа одлука.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

**ПРЕДСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**

______________________

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Склучувањето на Договор за реосигурување General Quota Share Договор со Триглав Ре Љубљана претставува зделка со заинтересирана страна и согласно одредбите на Законот за трговските друштва е предвидена постапка за негово одобрување.

Капиталната поврзаност помеѓу Триглав Осигурување АД Скопје и Триглав Ре Љубљана произлегува од тоа што двете друштва се членки на Групацијата Триглав.

Предмет на зделката со заинтересира страна е Договорот за реосигурување General Quota Share Договор, односно реосигурување на сите класи на осигурување во кои што Друштвото има дозвола од страна на Агенцијата засупервизија на  осигурување.

Бидејќи вредноста на Договорот изнесува повеќе од 2% (проценти) од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото, оваа зделка потребно е да ја одобри Собранието на акционери и тоа со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, претставени на Собранието на Акционери, а кои поседуваат акции со право на глас.